Australian Government
Department of Health and Aged Care

aged care
Star Ratings



Macedonian | Македонски

# Оценување со ѕвезди на домови за нега на стари лица

Оценувањето со ѕвезди ви помага да го споредите квалитетот на домовите за нега на стари лица, користејќи ја алатката ‘Find a provider’ (‘Најдете давател на услуги’) на веб-страницата My Aged Care.

## Што е оценување со ѕвезди?

Сите домови за нега на стари лица добиваат севкупна оценка со ѕвезди и оценка во четири поткатегории:

- **Искуство на станарите** - еднаш годишно се спроведува анкета меѓу 10 проценти на станарите во дом за нега на стари лица, за нивниот севкупен впечаток за нивниот дом за нега на стари лица. Искуството на станарите влегува со 33 проценти во севкупната оценка со ѕвезди.
- **Усогласеност** - врз основа на регулаторните одлуки на Комисијата за квалитет и безбедност на негата на стари лица, вклучително усогласеност со стандардите за квалитет на нега на стари лица. Усогласеноста влегува со 30 проценти во севкупната оценка со ѕвезди.
- **Персонал** – просечен период на време на нега укажана на станарите, врз основа на негата што ја даваат регистрирани медицински сестри, запишани медицински сестри, вработени за лична нега и помошници за нега, во споредба со минималните цели за просечна нега поставени од Австралиската влада. Персоналот влегува со 22 проценти во севкупната оценка со ѕвезди.
- **Мерки за квалитет** - врз основа на информации за пет извонредно важни области на нега, вклучително паѓања и поголеми повреди, непланирано губење на тежина, повреди на кожата од предолго лежење, справување со лекови и користење на физичко ограничување. Мерките за квалитет влегуваат со 15 проценти во севкупната оценка со ѕвезди.

## Што значат ѕвездите?

Домовите за нега на стари лица добиваат оценки од 1 до 5 ѕвезди.

- 1 ѕвезда - потребно е значително подобрување
- 2 ѕвезди - потребно е подобрување
- 3 ѕвезди - прифатлив квалитет на нега
- 4 ѕвезди - добар квалитет на нега
- 5 ѕвезди - одличен квалитет на нега.

aged care
Star Ratings

## Колку често се ажурираат оценките со ѕвезди?

Оценките со ѕвезди се врз основа на најнови достапни податоци и се ажурираат во различни времиња:

- Оценката за искуството на станарите се ажурира еднаш годишно
- Оценката за усогласеност се ажурира секојдневно
- Оценката за персоналот се ажурира на три месеци
- Оценката за мерките на квалитет се ажурира на три месеци.

Севкупната оценка со ѕвезди автоматски се пресметува одново кога се достапни нови податоци.

## Зошто нѝ треба оценувањето со ѕвезди?

Кралската комисија за квалитетот и безбедноста на негата на стари лица ја нагласи потребата од едноставен и транспарентен начин за споредување на квалитетот на домовите за нега на стари лица.

Оценувањето со ѕвезди е врз основа на информации што може да се мерат за квалитетот на домовите за нега на стари лица, кое може да се ажурира кога се достапни нови информации.

Оценувањето со ѕвезди дава низа придобивки, меѓу кои:

- транспарентност за квалитетот на негата во сите домови за нега на стари лица
- лесен начин за споредувањето на квалитетот на домовите за нега на стари лица, со користење на бесплатната алатка ‘Find a provider’ на веб-страницата My Aged Care
- национално конзистентни мерки за надгледување, споредување и подобрување на резиденцијалната нега
- давателите на услуги добиваат поддршка постојано да ги подобруваат нивните оценки со ѕвезди, подобрувајќи го квалитетот на негата на станарите.

## Каде може да најдам оценки со ѕвезди?

Оценките со ѕвезди се достапни со помош на алатката ‘Find a provider’ на веб-страницата My Aged Care.

Посетете MyAgedCare.gov.au/find-a-provider или скенирајте го QR кодот.

Телефон **1800 200 422**
(Бесплатна телефонска линија на My Aged Care)

Посетете MyAgedCare.gov.au/find-a-provider

За преведувачки услуги јавете се на 131 450 и побарајте да ве поврзат со My Aged Care на 1800 200 422. За користење на National Relay Service, посетете nrschat.nrscall.gov.au/nrs или јавете се на 1800 555 660.